**Друштво за управување со фондови**
**ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД - Скопје**

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2013 ГОДИНА

**Скопје, април 2014**

**СОДРЖИНА** Страна


| | |
|---|---|
| **Извештај на независниот ревизор** | **1-2** |
| **Финансиски извештаи** | |
| Извештај за сеопфатна добивка | 3 |
| Извештај за финансиската состојба | 4 |
| Извештај за паричните текови | 5 |
| Извештај за промени во главнината | 6 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 7-26 |
| **Додатоци** | |
| Додаток 1- Законска обврска за составување на годишна сметка и годишен извештај за работење | |
| Додаток 2- Годишна сметка (Биланс на состојба, Биланс на успех и Извештај за сеопфатна добивка) | |
| Додаток 3- Годишен Извештај за работење | |

MOORE STEPHENS
SKOPJE

М.Х.Јасмин 20, 1000 Скопје
Република Македонија

Тел: +389 (2)32 14 706
Факс: +389 (2)32 14 707

www.moorestephens.mk
www.moorestephens.com

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**
**ДО**
**АКЦИОНЕРИТЕ НА**
**Друштвото за управување со фондови**
**ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД - Скопје**

**Извештај за финансиските извештаи**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Друштвото за управување со фондови ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД – Скопје (Друштвото), кои што го вклучуваат Извештајот за финансиска состојба заклучно со 31 декември 2013 година, како и Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промени во главнината и Извештајот за парични текови за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на Друштвото е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Независна членка на*
*Moore Stephens*
*International Limited*
*- членки во главните*
*градови низ светот*

MOORE STEPHENS
SKOPJE

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжение)**
**ДО**
**АКЦИОНЕРИТЕ НА**
**Друштвото за управување со фондови**
**ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД - Скопје**

*Мислење*

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Друштвото за управување со фондови ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД – Скопје заклучно со 31 декември 2013 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината која што завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија.

**Извештај за други правни и регулативни барања**

Раководството на Друштвото е исто така одговорно за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работата е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2013 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работата е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работата се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работата е конзистентен, од сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото за управување со фондови ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД – Скопје за годината која завршува на 31 декември 2013 година.

Скопје, 22 април 2014 година

| **Овластен ревизор** | **Управител и Овластен ревизор** |
| --- | --- |
| Гоце Христов | Антонио Ветјанов |

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО Скопје

**ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД - Скопје**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА за годината која завршува на 31 декември**

| | Белешка | 2013 (000) МКД | 2012 (000) МКД |
|---|---|---|---|
| Приходи од провизии | 8 | 3,166 | 2,916 |
| Останати оперативни приходи | | 87 | 1 |
| Трошоци за вработени | 9 | (795) | (826) |
| Трошоци за реклама и репрезентација | 10 | (11) | (25) |
| Трошоци за наемнини | 11 | - | (197) |
| Амортизација | 19 и 20 | (94) | (170) |
| Останати оперативни расходи | 12 | (2,280) | (4,112) |
| **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА (ЗАГУБА)** | | **73** | **(2,413)** |
| Добивки (загуби) од вложувања | | - | - |
| Приходи од финансирање | 13 | 29 | 40 |
| Расходи од финансирање | 13 | (36) | (58) |
| **ДОБИВКА (ЗАГУБА) ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **66** | **(2,431)** |
| Расход за данок на добивка | | - | - |
| **НЕТО ДОБИВКА (ЗАГУБА) ЗА ПЕРИОДОТ** | | **66** | **(2,431)** |
| **Останата сеопфатна добивка:** | | | |
| Резерви од проценка на основни средства | 18 и 19 | 1,232 | - |
| **Вкупно останата сеопфатна добивка** | | **1,232** | - |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА (ЗАГУБА) ЗА ПЕРИОДОТ** | | **1,298** | **(2,431)** |
| **Заработувачка (загуба) по акција (Во МКД)** | 24 | **1** | **(49)** |

**Скопје, 28 февруари 2014 година**

**Главен Извршен Директор**
**Коста Костадиновски**

ILIRIKA
Друштво за управување со инвестициски фондови
ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ АД Скопје

| | Белешка | 2013 (000) МКД | 2012 (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| Парични средства | 14 | 111 | 59 |
| Депозити во банки | 15 | 643 | 829 |
| Побарувања од продажба | 16 | 394 | 278 |
| Останати тековни средства и АВР | 17 | 25 | 64 |
| Вложувања во хартии од вредност | | - | - |
| Нематеријални средства | 18 | 1,037 | 19 |
| Опрема | 19 | 183 | 63 |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **2,393** | **1,312** |
| **ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА** | | | |
| **Краткорочни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачи | 20 | 92 | 378 |
| Останати краткорочни обврски и ПВР | 21 | 226 | 120 |
| Обврски за заеми | 22 | 1,327 | 1,364 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **1,645** | **1,862** |
| **Долгорочни обврски** | | | |
| Обврски за заеми | | - | - |
| **Вкупно долгорочни обврски** | | **-** | **-** |
| **Главнина** | | | |
| Акционерски капитал | 23 | 30,653 | 30,653 |
| Ревалоризациони резерви | 23 | 1,232 | - |
| Законски резерви | 23 | 10 | - |
| Акумулирана добивка (загуба) | 23 | (31,147) | (31,203) |
| **Вкупно главнина** | | **748** | **(550)** |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ И ГЛАВНИНА** | | **2,393** | **1,312** |

| | 2013<br>(000) МКД | 2012<br>(000) МКД |
|---|---|---|
| **ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНИ АКТИВНОСТИ** | | |
| Парични примања од провизии | 3,050 | 2,852 |
| Исплатени бруто плати и трошоци за вработени | (797) | (770) |
| Исплатени трошоци за реклама и репрезентација | (11) | (25) |
| Исплатени трошоци за наемнини | - | (197) |
| Исплатени останати оперативни расходи | (2,407) | (3,293) |
| Платен данок од добивка на непризнаени расходи | (3) | (26) |
| **Нето парични текови од оперативни активности** | **(168)** | **(1,459)** |
| **ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ВЛОЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ** | | |
| Примени камати | 71 | 9 |
| Набавки на опрема | - | - |
| Повлечени (дадени) депозити во банки | 186 | 81 |
| Наплатени дивиденди | - | - |
| Стекнување (продажба) на хартии од вредност, нето | - | - |
| **Нето парични текови од вложувачки активности** | **257** | **90** |
| **ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ** | | |
| Земени (вратени) позајмици, нето | (37) | 1,360 |
| Платени камати на позајмици | - | (2) |
| Уплатен капитал | - | - |
| **Нето парични текови од финансиски активности** | **(37)** | **1,358** |
| **Нето зголемување (намалување) на парични средства** | **52** | **(11)** |
| **Парични средства на почетокот на годината** | **59** | **70** |
| **Парични средства на крајот на годината** | **111** | **59** |

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА за годината која завршува на 31 декември**

| Во (000) МКД | Акционерск и капитал | Акумулира на добивка / загуба | Ревалориза циони резерви | Законски резерви | Вкупно главнина |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 1 јануари 2012** | **30,653** | **(28,772)** | **-** | **-** | **1,881** |
| **Сеопфатна добивка:** | | | | | |
| Добивка / (Загуба) за годината | - | (2,431) | - | - | **(2,431)** |
| Останата сеопфатна добивка | - | - | - | - | **-** |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | **-** | **(2,431)** | **-** | **-** | **(2,431)** |
| **Трансакции со сопствениците:** | | | | | |
| Уплатен капитал | - | - | - | - | **-** |
| Распределба за резерви | - | - | - | - | **-** |
| Распределба за дивиденди | - | - | - | - | **-** |
| **Состојба на 31 декември 2012** | **30,653** | **(31,203)** | **-** | **-** | **(550)** |
| | | | | | |
| **Сеопфатна добивка:** | | | | | |
| Добивка / (Загуба) за годината | - | 66 | - | - | **66** |
| Резерви од проценка на основни средства | - | - | 1,232 | | **1,232** |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | **-** | **66** | **1,232** | **-** | **1,298** |
| **Трансакции со сопствениците:** | | | | | |
| Уплатен капитал | - | - | - | - | **-** |
| Распределба за резерви | - | (10) | - | 10 | **-** |
| Распределба за дивиденди | - | - | - | - | **-** |
| **Состојба на 31 декември 2013** | **30,653** | **(31,147)** | **1,232** | **10** | **748** |

**Законска обврска за составување на годишна сметка и годишен извештај за работењето согласно одредбите на ЗТД**

Согласно член 476, став 4 од Законот за трговски друштва Годишната сметка која ја изготвуваат трговските друштва вклучува биланс на состојба и биланс на успех и објаснувачки белешки.

Согласно член 476, став 6 од Законот за трговски друштва Годишната сметка и финансискиот извештај кои се однесуваат за иста деловна година и кои се подготвени согласно одредбите на Законот и со прописите за сметководство треба да содржат идентични податоци за состојбата на средствата, обврските, приходите, расходите, главнината и остварената добивка односно загуба на друштвото за деловната година.

Согласно член 477, став 14 од Законот за трговски друштва, Органот на управување на Друштвото, покрај годишната сметка, односно финансиските извештаи, е должен, по завршување на секоја деловна година да изготви и извештај за работата на друштвото во претходната година со содржина определена во член 384 став 7 од ЗТД.

Годишната сметка на Друштвото и Годишниот извештај за работење се дадени во Додатоците 2 и 3.

Органот на Управување на Друштвото го разгледал и одобрил Годишниот извештај за работење.

**Илирика Фунд Менаџмент**
**АД Скопје**
**Главен Извршен Директор**

**Годишна сметка за 2013 година**

- Биланс на состојба
- Биланс на успех
- Извештај за сеопфатна добивка

**Годишен извештај за 2013 година**